У-5.бр.964/2021
У-5.бр.924/2021

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите м-р Есма Алибашиќ Јонуз - претседател на совет и судиите Виолета Богојеска и Елмедине Асани - членови на советот, со записничар Јован Трпевски - раководител на одделение, решавајќи по тужбата на тужителот ИНДУСТРИ СЕРВИС ДОО - Скопје, против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-563/6 од 27.05.2021 година, а во врска со барањето за донесување на времена мерка за одлагање од извршување на Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-563/6 од 27.05.2021 година, по одржаната јавна расправа во присуство на полномоникот на тужителот ИНДУСТРИ СЕРВИС ДОО – Скопје, Александар Трајановски адвокат од Скопје, Неда Темелковска од Скопје вработена кај тужителот, овластениот претставник на тужениот орган Зоран Трајановски од Скопје, полномошник на заинтересирано лице Унимеркант Кетеринг ДООЕЛ Скопје, Љупка Велкова, адвокат при адвокатско друштво Лазов -Бадева , адвокати Скопје на 16..07.2021 година ја донесе, а на 21.07.2021 година ја објави следната:

I
ПРЕСУДА

Тужбата на тужителот ИНДУСТРИ СЕРВИС ДОО – Скопје, СЕ УВАЖУВА.

Оспореното Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-563/6 од 27.05.2021 година, СЕ ПОНИШТУВА.

II
РЕШЕНИЕ

Барањето на тужителот ИНДУСТРИ СЕРВИС ДОО – Скопје, Судот да донесе времена мерка со која ќе се одложи од извршувањето на Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-563/6 од 27.05.2021 година, се до правосилно завршување на предметната судска постапка, СЕ ОДБИВА.

Образложение

Со оспореното решение бр.09-563/6 од 27.05.2021 година, Државната комисија за жалби по јавни набавки ја одбила како неоснована жалбата на тужителот изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-216/15 од 27.04.2021 година, донесена по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.04043/2021 за набавка на стоки – набавка на готови оброци за корисниците на Народни кујни на договорниот орган Јавна Установа Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје.

Незадоволен од наведеното решение тужителот поведе управен спор со предлог истото да се поништи и предметот врати на повторно постапување и одлучување, поради суштествени повреди на одредбите на постапката и погрешна примена на материјалното право. Во тужбата наведе дека и договорниот орган и тужениот орган постапувајќи во рамките на својата надлежност, морале да ја проверат комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способност на избраниот понудувач. Имено наведе дека согласно точката 2.4.3 од

Тендерската документација таксативно е наведена документацијата со која се докажуваат исполнувањата на минималните услови за економска и финансиска состојба на економскиот оператор, а во која договорниот орган барал секој заинтересиран економски оператор да достави документ – структура на приходи по дејност согласно завршната сметка поднесена и одобрена од Централниот регистар за 2018, 2019 и 2020 година, што не било случај со избраниот понудувач – УНИМЕРКАНТ КЕТЕРИНГ ДООЕЛ – Скопје во чија понуда недостасува ваков документ, поради што и ја прави ваквата понуда неприфатлива и како таква договорниот орган бил должен да ја отфрли. Во делот на техничката и професионална способност исто така наведе дека понудата на избраниот понудувач – УНИМЕРКАНТ КЕТЕРИНГ ДООЕЛ – Скопје исто така била неприфатлива, од причина што во доставената референтна листа кај избраниот понудувач, потврдите за задоволителна испорака на предметот на набавката од договорни органи или економски оператори, не биле целосни, односно во една потврда каде договорен орган бил БИЛБО ЛОГИСТИК не е наведено јасно времетраењето на договорот, во потврдата од договорниот орган ИНТЕРНЕШЕНЕЛ КИДС АКАДЕМИ не е наведена ниту вредноста на договорот ниту неговото времетраење, додека во потврдата од договорниот орган ЈУМЦСР – Скопје не е наведен периодот на траење на договорот под бр.05-177/14 од 04.0.2020 година ниту пак во договорот под бр.05-880/2 од 20.04.2021 година, така што поради ваквите недостатоци во документацијата на избраниот понудувач, договорниот орган неможе да го оцени искуството на избраниот понудувач при испораките поврзани со предметот на набавката, ниту пак неможело да се издаде соодветна потврда за успешно реализиран договор во ситуација кога врметраењето на важноста на договорот сеуште не е завршена. Тужбата е заведена под У-5.бр. 924/2021. Кон тужбата достави и Барање за донесување на времена мерка за одлагање од извршување на Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-563/6 од 27.05.2021 година, се до правосилно завршување на предметната судска постапка.Барањето е заведено под У-5.бр. 964/2021.

Во одговор на тужбата тужениот орган остана при наводите од оспореното решение, од причина што не нашол пропусти во содржината на тендерската документација, додека по однос на барањето за издавање на времена мерка за одлагање од извршување на оспорениот управен акт наведе дека не биле исполнети кумулативно законските услови предвидени во членот 29 став 5 од Законот за управните спорови за уважување на ваквото барање и издавање на времена мерка.

Заинтересирано лице УНИМЕРКАНТ КЕТЕРИНГ ДООЕЛ – Скопје достави одговор на тужба и барање за донесување на времена мерка во кој ги оспори во целост тужбените наводи по однос на тужбата и времената мерка, со предлог тужбата и барањето за донесување на времена мерка на тужителот да се одбијат како неосновани.

Јавната расправа закажана за 16.07.2021 година се одржа во присуство во присуство на полномоникот на тужителот ИНДУСТРИ СЕРВИС ДОО – Скопје, Александар Трајановски адвокат од Скопје, Неда Темелковска од Скопје вработена кај тужителот, овластениот претставник на тужениот орган Зоран Трајановски од Скопје, полномошник на заинтересирано лице Унимеркант Кетеринг ДООЕЛ Скопје, Љупка Велкова, адвокат при адвокатско друштво Лазов -Бадева, адвокати Скопје согласно членот 40 од Законот за управните спорови.

На одржаната јавна расправа полномошникот на тужителот остана во се кон тужбата и тужбените наводи како и барањето за донесување на времена мерка и предложи на Судот тужбата да се уважи, да се поништи оспореното решение и да се врати предметот на повторно одлучување.

Овластениот претставник на тужениот орган остана во се како во одговорот на тужба и барањето за донесување на времна мерка со предлог тужбата да се одбие како неоснована.

Полномошникот на заинтресираното лице изјави дека остана во целост кон поднесениот писмен одговор на тужба и барањето за донесување на времена мерка, а во однос на доставениот извештај за биланс на состојба и биланс на успрех, укажа на Судот дека станува за официјален електронски изваден документ и дигитално потпишан од Централен Регистар, а кој се доставува на околност дека е нејасно како може тужителот чија понуда била неприфатлива да трпи ненадоместлива штета и да бара времена мерка и итно постапување.

Во доказната постапка Судот на главната расправа ги изведе следните докази: Решение на Државната комисија по жалби за јавни набавки бр.09-563/6 од 27.05.2021 година, тековна состојба за Инустри Сервис ДОО Скопје од 20.03.2021 година, одоговр на тужбе бр.09-563/10 од 30.06.2021 година примен во судот на 05.07.2021 година, оглас за доделување на договор за јавна набавка 04043/21 за набавка на стоки, набавка на готови оборци за корисниците на народни кујни за што претходно била донесена одлука бр.05-216/2 о д09.03.2021 година, одоговор на тужба и барање за донесување на времена мерка од Заинтересирано лице Унимеркан Кетеринг ДООЕЛ од 14.07.2021 гоидна, записник од извшрување на упшравна контрола бр.17-590/3 о д07.05.2021 година, извештја за биланс на состојба и податоци од биланс на успех за првно лице Индустри Сервис ДОО Скопје на ЦР бр.0904-50/1520210145454 од 06.04.2021 година,тендерска документација за предметната јавна набавка. Судот претходно извшрил увид во досието во ЕСЈН за огласот за доделување на договор за јавна набавка со отворена постапка бр04043/2021 за набавка на стоки,набавка на готови оборци за корисниците на народни кујни.

Управниот суд постапувајќи по тужбата, го испита оспореното решение во границите на тужбеното барање во смисла на член 35 од Законот за управните спорови, па по оценка на тужбените наводи, одговорот на тужбата и списите на предметот, а имајќи ги предвид и наводите од одржаната јавна расправа, најде:

Тужбата е основана.

Од увидот во списите на предметот, Судот утврди дека договорниот орган Јавна Установа Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје спровела постапка за јавна набавка со Оглас за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.04043/2021 за набавка на стоки – набавка на готови оброци за корисниците на Народни кујни, за што претходно била донесена Одлука за јавна набавка бр.05-216/2 од 09.03.2021 година, постапката била објавена на ЕСЈН на Бирото за јавни набавки. Набавката не била делива и било предвидено истата да заврши со спроведување на е-аукција како последна фаза од постапката, а како критериум за избор била предвидена најниската цена, со барање во Огласот и Тендерската документација, до понудувачите да достават Документ за регистрирана

дејност, како и Изјава за сериозност на понудата и Гаранција за квалитет од 10%. До крајниот рок за поднесување на понудите – 22.04.2021 година пристигнале вкупно 3 понуди за што бил составен Записник од отварањето на понудите бр.05-216/13 од 22.04.2021 година, па по извршената првична проверка на комплетноста и валидноста на пристигнатите понуди, Комисијата при договорниот орган ги поканила прифатливите понуди ги поканила за учество на е-аукцијата да поднесат конечни цени, по што по завршувањето на е-аукцијата врз основа на Извештајот од спроведената постапка, Комисијата дала предлог како најповолна да биде избрана понудата на економскиот оператор УНИМАРКЕТ КЕТЕРИНГ ДООЕЛ – Скопје, кој предлог бил прифатен и донесена Одлука за избор на најповона понуда бр.05-216/15 од 27.04.2021 година. По извршениот избор на најповолен понудувач, од страна на Бирото за јавни набавки била извршена управна контрола на 07.05.2021 година, при што со Записник од управна контрола бр.17-590/3 било утврдено дека договорниот орган не сторил неправилности кои би влијаеле врз резултатот од постапката.

Незадоволен од одлуката за избор, економскиот оператор – сега тужителот ИНДУСТРИ СЕРВИС ДОО – Скопје поднел жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки, која со оспореното Решение бр.09-563/6 од 27.05.2021 година ја одбила како неоснована, констатирајќи дека договорниот орган спровел законска постапка за избор на најповолна понуда, односно при евалуацијата на прво рангираниот економски операотр не биле сторени пропусти кои би влијаеле врз резултатот на постапката. Имено било констатирано дека целокупната прикачена документација кон понудата на избраниот понудувач, била електронски потпишана со користење на дигитален сертификат и воопшто немало недостатоци поврзани со комплетноста и валидноста на документацијата, додека забелешките кои се однесуваат на доставената документација за исполнување на условите за квалитативен избор се неосновани, од причини што приложената документација е прифатлива и ги исполнува минимално пропишаните услови од аспект на економската, финансиската, тхничката и професионалната способност.

Судот наоѓа дека тужениот орган со оспореното решение го повредил законот на штета на тужителот поради следното:

Согласно членот 2 став 1 точка 10 од Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ“ бр.24/2019), тендерска документација е секој документ изработен од страна на договорниот орган или на кој упатува договорниот орган, а со кој се опишуваат или се утврдуваат елементите на одредена набавка или постапка вклучувајќи го и огласот за јавна набавка, претходното информативно известување или периодичното индикативно известување кое се користи како замена за оглас за јавна набавка, техничките спецификации, описната документација, предложените услови на договорот, обрасците што ги пополнуваат кандидатите или понудувачите, информациите за општо применливите прописи и сета дополнителна документација.

Согласно точката 11 од истиот член, прифатлива понуда е понуда поднесена од понудувачот која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган согласно со овој закон.

Согласно членот 105 став 1 од Законот за јавните набавки, понудувачот ја изготвува понудата во согласност со тендерската документација.

Согласно членот 109 став 7 в.в. став 6 од Законот за јавните набавки, евалуацијата на понудите се врши исклучиво во согласност со критериумите наведени во тендерската документација, така што неприфатливите понуди нема да бидат евалуирани.

Согласно членот 95 став 7-г од Законот за јавните набавки, како доказ за економската и финансиската состојба на економските оператори договорниот орган може да побара извод од целокупниот приход на претпријатието (податок од билансот на успех издаден од надлежен орган, односно ревидиран биланс на успех) и онаму каде што се бара, изјава за приходот во областа која се покрива со договорот за јавна набавка и тоа најмногу за последните три финансиски години за кои се расположливи ваквите информации во зависност од датумот на кој претпријатието е основано или започнало со работа и во зависност од достапноста на таквите информации.

Согласно членот 95 став 8-а од Законот за јавните набавки, во постапките за јавни набавки техничката и професионалната способност на економскиот оператор може да се докаже со листа на главни испораки на стоки или извршени услуги во последните три години, со вредности, датуми, купувачи (договорни органи или економски оператори), со обезбедување потврда за извршени испораки или извршени услуги...

Во конкретниот случај, по наоѓање на Управниот суд тужениот орган не ги применил правилно горе цитираните законски одредби при одлучувањето по поднесената жалба на економскиот оператор – сега тужителот ИНДУСТРИ СЕРВИС ДОО – Скопје, а кои се однесуваат на спроведувањето на конкретната постапка за избор на најповолна понуда во делот на евалуација на пристигнатите понуди во поглед на економската и финансиска, како и техничката и професионалната способност.

Од извршениот увид во списите од предметот, како и согласно цитираните законски одредби, Судот смета дека тужениот орган не го корегирал постапувањето на договорниот орган во делот на евалуацијата на понудата на избраниот понудувач – УНИМЕРКАНТ КЕТЕРИНГ ДООЕЛ – Скопје, во делот на утврдувањето на економската и финансиска способност, како и на техничката и професионална способност на избраниот понудувач, а согласно бараните услови и критериуми во Тендерската документација, предвидени во точката 2.4.3, односно 2.5.2.

Имено во поглед на докажувањето на исполнувањето на минималните услови кои се однесуваат на остварен минимален приход од областа која е предмет на набавката, со обезбедување на документ – структура на приходи по дејност согласно поднесена и одобрена завршна сметка, издаден од Централниот регистар, како дел од бараните услови за исполнување на економската и финансиска способност на економските оператори согласно точката 2.4.3 од Тендерската документација, договорниот орган при евалуацијата на понудата на избраниот понудувач УНИМЕРКАНТ КЕТЕРИНГ ДООЕЛ – Скопје, пропуштил да констатира дека ваков документ издаден од надлежен државен орган од страна на избраниот понудувач не е доставен, кој факт ја прави неговата понуда неприфатлива т.е. понуда која не ги исполнува минималните услови за утврдување на економската и финансиска состојба, поради што договорниот орган требал да ја отфрли како

неприфатлива и да не ја земе предвид при понатамошната евалуација на понудите. Ваквиот пропуст пропуштил да го констатира и тужениот орган.

Во делот на докажувањето на исполнувањето на минималните услови кои се однесуваат на обезбедување/приложување на листа на главни испораки на стоки за последните 3 години (2018, 2019 и 2020 година) со остварен приход поврзан со предметот на набавката од минимум 50.000.000,00 денари, потврдена со издадени потврди за реализирани договори од договорни органи – корисници на ваквите услуги, а како дел од бараните услови за исполнување на техничката и професионална способност на економските оператори согласно точката 2.5.2 од Тендерската документација, договорниот орган при евалуацијата на понудата на избраниот понудувач УНИМЕРКАНТ КЕТЕРИНГ ДООЕЛ – Скопје, пропуштил да констатира дека ово услов не бил целосно испонет, односно од приложените потврди за реализирани договори поврзани со предметот на набавката за последните 3 години, потврдите од ЈУМЦСР на град Скопје под бр.05-880/3 и под бр.05-880/2, двете од 20.04.2021 година не содржат период на траење на договорот – податок од кој може да се заклучи дали конкретен договор бил успешно реализиран или не, што влијае и врз висината на остварениот приход поврзан со предметот на набавката, а кој факт ја прави понудата на избраниот понудувач неприфатлива т.е. понуда која не ги исполнува минималните услови за утврдување на техничката и професионална способност, поради што договорниот орган требал да ја отфрли како неприфатлива и да не ја земе предвид при понатамошната евалуација на понудите. Ваквиот пропуст пропуштил да го констатира и тужениот орган.

Врз основа на сето горе наведено, Судот смета дека договорниот орган не ги применил пропишаните законски процедури во поглед на евалуација на понудата на избраниот понудувач УНИМЕРКАНТ КЕТЕРИНГ ДООЕЛ – Скопје во делот на исполнување на минималните услови и критериуми за докажување на економската и финансиска состојба, како и техничката и професионална способност на овој понудувач, а со цел да обезбеди соодветно ниво на конкуренција, но и соодветен квалитет на предметот на набавката. Сето ова имајќи ја предвид природата на предметот на набавката и дејноста на договорниот орган, а имено дека се работи за ситуација во која во зависност од квалитетот на изработката на предметот на набавката – набавка на готови оброци за корисниците на Народни кујни и неговата нутритивна вредност, зависи и квалитетното спроведување на предметниот договор како дел од вршење на дејноста на договорниот орган.

Судот ги ценеше наводите во Одговорот на тужбата на заинтересираното лице УНИМЕРКАНТ КЕТЕРИНГ ДООЕЛ – Скопје, но истите ги одби како неосновани, од причини елаборирани во образложението на оваа одлука, но и поради фактот што за изнесените наводи не приложи релевантен доказ – решение како правен основ за докажување на истите. Меѓу другото, Судот смета дека и покрај евентуалното постоење на правен основ за докажување на ваквите наводи, законските услови и критериуми за спроведување на евалуација на пристигнатите понуди во поглед на способноста на економските оператори, се утврдени и регулирани со Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ“ бр.24/2019), но и условите за предвремено раскинување на договорот за јавна набавка за време на неговата важност одреден период биле исполнети, согласно членот 120 став 1б в.в. член 88 став 2г од цитираниот закон, бидејќи деловната единица од каде избраниот понудувач САРАТОГА ДООЕЛ – Струмица го реализирал предметот на набавката, бил времено затворен поради утврдени недостатоци во поглед на исполнувањето на минимум условите потретни и предвидени согласно Законот за безбедност на храна.

Во прилог на наведеното е и фактот дека иако одреден деловен субјект е регистриран во Регистарот на објекти и оператори со храна, не значи дека истиот поседува и НАССР стандард за квалитет.

Со оглед на наведеното, Судот одлучи да ги прифати како основани тужбените наводи на тужителот во делот кој се однесува на правилната евалуација на понудата на избраниот понудувач УНИМЕРКАНТ КЕТЕРИНГ ДООЕЛ – Скопје во делот на исполнувањето на условите за економеката и финансиска состојба, како и неговата техничка и професионална способност, па врз основа сето погоре наведено го преиначи оспореното решение и одлучи како во диспозитивот на оваа пресуда, а согласно членот 60 од Законот за управните спорови в.в. член 170 став 4 од Законот за јавните набавки.

Со оглед на наведеното, Судот одлучи како во изреката од пресудата а согласно член 60 став 3 и став 5 од Законот за управните спорови.

По однос на барањето за времена мерка, Судот во постапката по тужба утврди дека оспореното решение (кое е предмет и на барањето за издавање на времена мерка) е незаконито и истото го поништи, така што предметот се враќа во состојба во која се наоѓал пред да биде донесен оспорениот акт - Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-563/6 од 27.05.2021 година (кое е и предмет на барањето за времена мерка), при што тужениот орган е должен во целост да постапи по насоките дадени во оваа пресуда од страна на Судот, а во ситуација дека повеќе не постои правниот основ (оспореното решение) поради кој тужителот побарал донесување на времена мерка следуваше Управниот суд согласно членот 29 став 2 од Законот за управните спорови, ваквото барање со решение да го одбие како неосновано.

Пресудено во Управниот суд на 16.07.2021 година под У-5.бр.924/2021 и У-5.бр.964/2021.

Записничар – раководител на одделение<br>Јован Трпевски

Претседател на советот – Судија<br>М-р Есма Алибашиќ Јонуз

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истото, преку овој суд до Вишиот управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2.

Решението да се достави на:
- тужителот- преку полномошник
- тужениот орган
- заинтересирано лице

Претседател на совет - Судија<br>м-р Есма Алибашиќ Јонуз

Согласноста на преписот со изворникот го потврдува Судски службеник

1

СЛ/